# Отворена изложбата на академскиот сликар Тома Владимирски

Синоќа во Уметничката галерија — Даут-пашиниот амам е отворена изложбата на слики со тематика низ Радика на академскиот сликар Тома Владимирски. Изложбата ја отвори академикот Димитар Митрев, а потоа артистот Драган Костовски ја прочита песната „Радика“ од Славко Јаневски, посветена на оваа изложба.

На отворањето на изложбата присуствуваа членот на Советот на Федерацијата Лазар Колишевски, претседателот на Просветно-културниот собор на Собранието на СРМ Драги Тозија, претседателот на Извршниот совет на Собранието на СРМ д-р Ксенте Богоев, како и голем број општествени, јавни и културни работници.